Точка 3 - Предлг измени во Статутот на Комората

| Постојна статутарна одредба | Предложена измена (измената е подвлечена) | Објаснување |
|---|---|---|
| Член 58 став (2)<br>Средствата за извршување на работите од надлежност на Комората се обезбедуваат од:<br>– надоместок за овластување;<br>– надоместок од членарина;<br>– надоместок од нострификации;<br>– донации; | Член 58 став (2)<br>Средствата за извршување на работите од надлежност на Комората се обезбедуваат од:<br>– надоместок за овластување;<br>– надоместок од членарина;<br>–надоместок од нострификации;<br>– донации;<br>- домашни и странски фондови и проектни финансирања;<br>- реклами во списанието на Комората Пресинг; | Длабинската анализа на структурата на приходните основи, како и проектираните планови за стабилизирање на растот на бројот на активни членови на Комората, сугерира потреба од изнаоѓање на нов извор на приход, заради одржлив долгорочен успех на Комората. |
| Член 12, точка 14 (обврски на Собрание на Комора):<br><br>*Донесува правилник за постојано стручно усовршување*<br><br>-------------------------------------------------<br>Член 15, точка 20 (обврски на Управен Одбор)<br><br>*Ја утврдува програмата за постојано стручно усовршување на архитектите и инженерите и го контролира нејзиното спроведување* | Менување на член 12, точка 14 од Статутот на Комората:<br><br>*Донесува Правилник за континуирана професионална доедукација*<br><br>--------------------------------------------------------<br>Дополнение на точка 20 од член 15 од Статутот на Комората<br>*Предлага правилник за континуирана професионална доедукација и ја утврдува програмата за постојано стручно усовршување на архитектите и инженерите и ја следи нејзината реализација* | Усогласување на терминологијата со Европската асоцијација на инженерски комори и вметнување на обврска на Управниот одбор на Комората да предложи Правилник за континуирана доедукација до Собранието на Комората. |
| Член 38 – 54 (дисциплинска постапка) | Бришење на член 43 и 45-51 од Статутот и нивно допрецизирање во нов Правилник за работење на дисциплинската комисија, кој треба да го донесе Управниот одбор на Комората, согласно точка 27 од член 15.<br><br>Бришењето на овие одредби ќе стапи на сила на 1 Јули 2015, до кога Управниот одбор на Комората треба да го донесе новиот правилник за работа на дисциплинската комисија. | Дисциплинската постапка е многу детално разработена во Статутот (17 члена). Статутот, номотехнички, треба само да ја дефинира, а правилникот (нов) да ја детализира постапка.<br><br>Истовремено, потребно е усогласување на нашата дисциплинска постапка со измените во Законот за градење околу одземањето на овластувањата – постапка која во Комората се води преку дисциплинската комисија. |